Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 23.09.2020

На 22.09.2020 во 20.00 часот на ул.„Никола Тесла" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода С.К.(39) од Гевгелија, бидејќи при претрес во куќа во Скопје каде таа престојува, извршен со судска наредба, биле пронајдени прашкаста материја и предмети со остатоци од прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.09.2020 околу 12.15 часот во напуштен објект на ул.„Љуботенска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.Љ.(40) од Тетово и Н.Р.(37) од тетовско Милетино, затоа што при преглед кај них бил пронајден хероин. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе ги бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 22.09.2020 во 19.50 часот на патот Прилеп-Битола се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „митроен", со битолски регистарски ознаки, управувано од В.П.(53) од Битола и патничко возило „опел", со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.С.(51) од Прилеп. Во незгодата, М.С. се здобил со тешки телесни повреди, додека В.П. се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Прилеп, каде бине пренесени за укажување лекарска помош. Увид извршила увидна екипа на Полициска станица Прилеп.

На 22.09.2020 во 23.10 часот на ул.„23 Октомври" во Свети Николе, полициски службеници од Полициска станица Свети Николе го лишиле од слобода З.Т.(52) од Свети Николе, бидејќи физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.09.2020 во 09.20 часот во Полициска станица Кичево, Д.П.(46) од Кичево пријавил дека при реконструкција на објект во склоп на селската црква во с.Дунјани била пронајдена рачна бомба која потекнува од Втората светска војна. Од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување експлозивната направа е подигната за понатамошна постапка.

На 22.09.2020 во 06.20 часот било пријавено дека на магистрален пат Струмица - Радовиш, во близина на крстосница за с.Василево, М.В.(21) од с.Градашорци, струмичко, управувајќи мотоцикл „јијинг", со струмички регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни, констатирани во Медицински центар Струмица, каде бил пренесен за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа на Полициска станица Струмица.
На 22.09.2020 во 13.20 часот во Полициската станица Центар, Б.А.(69) од Скопје пријавил дека на ул.„Димче Мирчев" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.09.2020 на подрачјето на СВР Тетово биле спроведени засилени сообраќајно-контролни активности за поголем ред и безбедност во паркирањето. Вкупно биле откриени, законски санкционирани и подигнати 21 непрописно паркирано возило (ТЕ-16 и ГВ-5). Покрај ова, во Тетово биле санкционирани и осум лица кои си управувале возилата без положен возачки испит, три нерегистрирани возила и други прекршоци. За сите прекршоци поднесени се соодветни поднесоци согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила.

На 22.09.2020 во 14.30 часот во СВР Скопје, Т.М.(47) од с.Кадино, скопско, пријавил дека на ул.„11" во нас.„Илинден" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.09.2020 во 21.10 часот во СВР Штип, од Казнено поправниот дом Штип било пријавено дека при претрес кај осуденикот А.Д.(38) од Свети Николе била пронајдена и одземена прашкаста материја. Полициски службеници од СВР Штип извршиле увид, а по целосно документирање на случајот, против А.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.09.2020 во 10.00 часот на ул.„Радански пат" во Штип, полициски службеници лишиле од слобода 17-годишник од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба" на подрачјето на Полициската станица Штип.

На 22.09.2020 околу 11.00 часот во месноста „Орлн", атар на с.Црвена Вода, општина Дебрца, полициски службеници од СВР Охрид, овластен шумочувар и шумски полициски службеник ги затекнале Р.Б.(20), Б.Ц.(40) и Ј.Б.(40), сите од струшкото село Мислоджа,во неовластена сеча и кражба на дрва на простор сопственост на ЈП„Национални шуми". На местото бине пронајдени околу 15 пространи метри исечени дрва, како и седум коњи натоварени со дрва. По целосно документирање на настанот, против них ќе биде поднесена кривична пријава.

На 22.09.2020 во 14.35 часот во СВР Скопје, Ф.Х.(56) од Скопје пријавил дека во 14.20 часот во казино во трговски центар на ул.„Кеј 13 Ноември" во Скопје, поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.С.(68) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 22.09.2020 во 22.30 часот во СВР Скопје, М.Ж.(61) од Скопје пријавила дека околу 16.30 часот на бул.„Видое Смилевски Бато" во Скопје, додека се движеле со патничко возило „југо", со скопски регистарски ознаки, што го управувал нејзиниот сопруг В.Ж., по недоразбирање во сообраќајот со едно лице со велосипед, велосипедистот почнал да удира по возилото и го оштетил. Се пренесуваат мерки за расчистување на случајот.

На 22.09.2020 во 14.00 часот во СВР Скопје, С.Ј.(38) од с.Петровец, скопско, пријавил дека на 17.09.2020 околу 01.25 часот во с.Петровец, неговиот малолетен син бил физички нападнат од И.Т. од с.Петровец. Се пренесуваат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ф.Џ.(33) од Република Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", како и против К.К.(33) и А.С.(26), двајцата од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". Првопријавениот, во месноста „Врабчи", во близина на патот кон Струга, во грмушка скрил вреќа во која имало 5 килограми и 480 грама марихуана. Тој бил затекнат во момент кога ја препакувал дрогата, а по кратко време со патничко возило пристигнале второ и третопријавениот, кои требало да ја преземат дрогата во помали пакувања.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.К. од с.Секирник, општина Ново Село и Т.Ј. од с.Василево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 08.09.2020 во продавница на ул.„Гоце Делчев" во Струмица, пријавените со закана од вработената одзеле пари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И.(51) од Скопје и правно лице од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на 2019 година правно лице од Тетово склучило договор за неповратни средства од Програмата за самовработување со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Програмата за развој на Обединети нации (UNDP). Притоа, на 22.11.2019 правното лице од Тетово набавило роба од пријавените, за што од страна на Агенцијата за вработување, врз основа на горенаведениот склучен договор, за набавените материјали им биле исплатени парични средства во износ од 60.200 денари. Но, и покрај реализираната исплата, пријавените не ја доставиле робата до правното лице од Тетово, со што преку лажно прикажување на факти противправно се стекнале со имотна корист.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.И.(28) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 07.07.2020 на бул.„Александар Македонски" во Скопје, при преглед на патничко возило „голф", управувано од пријавениот, полициски службеници пронашле пиштол „црвена застава 99" со ознаки 9 мм Пара, рамка и 10 куршуми калибар 9мм.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против А.А.(59), К.П.(54), А.А.(67), сите од Крива Паланка и О.П.(60) од Кратово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластувањe". Во периодот од 01.08.2011 до 2018 година, првопријавениот, во својство на градоначалник на општина Крива Паланка, не постапил по одобрението за поставување на урбана опрема, издадено од општина Крива Паланка, односно без да се отстрани урбаната опрема во предвидениот период наведен во одобрението и анекс-договорот за закуп и без да се прибави ново одобрение, бише склучени нови договори за закуп на предмет урбана опрема со правно лице од Крива Паланка. Второпријавениот и третопријавениот, во својство на овластени градежни инспектори во општина Крива Паланка не извршиле ниту еден инспекциски надзор и не презеле законски мерки согласно нивните работни задачи. Исто така, четвртопријавениот, како овластен градежен инспектор, не презел законски мерки за отстранување на урбаната опрема, туку на 12.03.2020 донел решение за отстранување, по извршен инспекциски надзор по барање за поведување на постапка за дислокација на објекти од 04.03.2020 на општина Крива Паланка, поради реализација на урбанистички план со издадено решение за реконструкција и заедно со прво, второ и третопријавениот прибавиле материјална корист за општина Крива Паланка во вкупен износ од околу 788.601 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против И.Д.(43) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање поткуп". На 29.07.2020 во кругот на „Дружение на возачите" во Кочани, предо закажан термин за полагање на возачки испит за Ц - категорија, во товарно возило сопственост на авто школа, пријавениот, на службените лица, при приложување на документи за лична идентификација, им дал и банкнота во апоени од 100 евра, со цел истите да му овозможат да го положи возачкиот испит.

На 22.09.2020 во 14.00 часот во СВР Скопје, Т.П.(56) од с.Ногаевци пријавил дека на 12.09.2020 бил измамен од едно лице. Според пријавеното, околу 10.30 часот на Д.С.(29) од с. Ногаевци, општина Градско, му се јавило едно лице кое се претставило како А.Н., наводно вработен во Затворот Шутка и му кажало дека ако плателе пари, можел да помогне да излезе од затвор В.П.. Според пријавеното, Д.С. му го дал бројот на Т.П, кој се согласил да даде пари, по што околу 11.00 часот Т.П. се сретнал со А.Н. и му ги дал парите, а наредниот ден отишол во затворот и му го кажал тоа на В.П.. По 10 дена, бидејќи немало ништо од ослободувањето на В.П., тој настанот го пријавил. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Д. (72) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 04.07.2020 на ул.„Благоја Стефковски" во Скопје, при преглед на патничко возило „бмв", управувано од пријавениот, полициски службеници пронашле огнено оружје „Browning" калибар 7,65 мм, рамка и 12 куршуми калибар 7,65 мм.

На 22.09.2020 во 17.00 часот во Полициската станица Чаир, К.Е.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Петар Манџуков" бил каснат од куче скитник.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Сектор упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет